**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 22, став 1, точка и 9 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___.11. 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес во областа на**
**здравствената заштита во 2024 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на превентивната и примарната здравствена заштита;
- Изнаоѓање форми за промовирање на превентивната заштита и едукација;
- Изнаоѓање форми за едукација од епидемиски и пандемиски заболувања;
- Подобрување на здравјето на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни здрав живот на децата и младите во локалната заедница;

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон поттикнување на превентивата, организирање едукативни предавања за заштита на здравјето, прегледи на населението во градот и населените места во функција на рано откривање на одредени заболувања, помагање за остварување на целите на оваа Програма.

| | **ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА<br>Активности на Општина Велес за 2024 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| 1. | **ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ** | **2.650.000,00** |
| 1.1. | Третирање против возрасна форма на комарци | 2.000.000,00 |
| 1.2. | Ларвицидно третирање | 150.000,00 |
| 1.3. | Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 500.000,00 |
| **2.** | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ИНСТИТУЦИИ, НВО** | **150.000,00** |
| 2.1. | Активности на Совет за јавно здравје | 50.000,00 |
| 2.2. | Климатска рехабилитација (Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштво на родители за грижа за здраво поколение) | 100.000,00 |
| **3** | **БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ** | **3.100.000,00** |
| 3.1. | План за контролата на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес 2021-2024 | 1.000.000,00 |
| 3.2. | Оперативен трошок за функционирањена Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември) | 2.100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **5.900.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2024 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од областа на здравството за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Ресорното министерство;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Надлежноста на Општина Велес во областа на здравствената заштита согласно законските прописи се реализира/остварува со Програма за задравствена заштита во која се предвидуваат мерките, активностите и финансиските средства, за промовирање на превентивната заштита, едукација (од епидемиски и пандемиски заболувања), за заштита на населението од заразни болести и создавање услови за поквалитетен и здрав живот.

Со Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2024 година, опфатени се мерките и активностите кои ќе бидат спроведени и се земени во обзир законските обврски, реализација од предходни години.

Како општи мерки за заштита на населението од заразни болести опфатени се активностите ларвицидно третирање против ларви од комарци, дезинсекција односно третирање против возрасни форми на комарци и дератизација на јавни површини.

Ларвицидното третирање се извршува крајот на месец февруари почетокот на месец март - септември во зависност од тоа колкав буџет можеме да планираме за оваа активност. Теренското третирање од земја, против ларви од комарци опфаќа територија од 7 хектари покрај вода и водни површини, кои се мапирани како лежишта на комарци, а посебно внимание се посветува на површините со неистечена вода каде комарците имаат идеални услови за размножување.

Од предходно искуство со третирањето се опфатени: крајбрежјето на Езерото „Младост“,делот „Јарбош“, Градскиот парк, Стадион, Младински парк, по течението на реката Вардар, реонот на потокот и градските фонтани.

Превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци, на територијата на Општина Велес, се извршува во три наврати со третирањето опфатена е површина од 2000 хектари. Со третирањето се опфаќа целото градско и приградско подрачје, како и целото течение на реката Вардар на овој потег, и рекреативниот центар езеро „Младост“ со непосредната околина. Насловот на оваа ставка е општ за да се овозможи активноста да се изврши и авионски и третирање од земја.

Дератизација и дезинфекција на јавни површини се извршува во два наврати односно есенска и пролетна дератизација. Со третирањето опфатена е површина од 150.000 $м^2$, односно сите јавни површини во градот како и двата брега на реката Вардар, од Башино село до компанијата Агриа.

Во делот на активности со НВО и институции предвидени се активности кои ги спроведува најчесто Советот за јавно здравје кој е формиран со одлука на СОВ, а активностите се состојат во организирање на предавања, едукативни работилници, поддршка на кампањи и др.

„Климатска рехабилитација “ е активност што општината во континуитет ја поддржува, со финансиските средства во висина од 100.000,00 денари. Активноста се реализира во соработка со Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштво на родители за грижа на здраво поколение. Со проектот се опфатени 30 деца од ЗЛЦПДП и 35 деца од ДРГЗП кои сами или со своите родители /придружници во периодот мај-септември, ја користат услугата климатска рехабилитација со времетраење од неколку дена.

Со оваа активност во локалната заедница им се овозможува социјална инклузија на лицата со попреченост не само во локалната заедница туку и пошироко.

Во делот Бездомни животни предвидени се финансиски средства согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, од каде што произлегува и надлежноста на општината да врши заловување на бездомни кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта.

Во програмата за здравствена заштита се предвидени финансиските средства.

А во програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2024 година ќе бидат опфатени и активностите. (и оваа програма се доставува до СОВ на усвојување месец јануари).

За оперативен трошок за функционирањена Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември) предвидени се 2.100.000,00 денари за тековна 2024 година.